Врз основа на член 82 од Изборниот законик („Службен весник на РМ” бр.40/06...74/21) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола, на седницата одржана на __.__.2024 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за начинот на користење на просториите во објектите на урбаните и месните заедници на подрачјето на општина Битола, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања

Член 1

Со оваа Одлука се регулира начинот на користење на просториите во објектите на урбаните и месните заедници на подрачјето на општина Битола, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања.

Член 2

На организаторите на изборната кампања на подрачјето на општина Битола им се овозможуваат еднакви услови за користење на просториите во објектите на урбаните и месните заедници во општината за одржување на своите предизборни собири.

Член 3

Предизборните собири можат да се организираат во просториите на следните урбани и месни заедници:

Во градот:

„Даме Груев”
„Борис Бастерот”
„Александар Туручџев”
„Тодор Ангелевски”
„Стив Наумов”
„Стево Патако”
„Васко Карангелевски”
„Блаже Рогозинаро“
„Коле Лачето”
„Ѓорѓи Наумов”
„Панде Кајзерот”
„Јонче Мурџевски”
„Вељко Влаховиќ“
„ЃорѓиСугарев”
„Коле Канински”

Во населените места:

- с. Буково
- с.Лавци
- с.Крклино
- с.Логоварди
- с. Кравари
- с.Поешево
- с.Бистрица
- с.Барешани
- с. Рамна
- с. Егри
- с.Кукуречани
- с.Лопатица
- с.Лисолај
- с.Црнобуки
- с.Црнеец
- с.Канино
- с.Кажани

Член 4

Користењето на горенаведените простории во урбаните и месните заедници е без надоместок.

Организаторот на предизборните собири е должен просториите да ги користи како добар домаќин, а сите настанати штети ќе ги надомести на своја сметка во рок од 24 часа.

Член 5

Дозвола за одржување предизборни собири ја дава одговорното лице во урбаната и месната заедница, организаторот на предизборниот собир во договор со одговорното лице во урбаната и месната заедница, обезбедува слободен термин за одржување на предизборниот собир.Организаторот на предизборниот собир е должен да достави барање до одговорното лице во урбаната и месната заедница, најдоцна 3 дена пред денот на одржувањето на собирот.

Член 6

Користењето на просториите во урбаните и месните заедници за одржување на предизборните собири е дозволена во роковите за изборната кампања утврдени со Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на претседателските и парламентарните избори, 2024 година..

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-__/__
__.__.2024 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Габриела Илиевска